**До: Општина Битола**
**Бул. „1-ви Мај“, бр.61,**
**Битола**
**(имател на информацијата)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 03 -11- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-130/1 | | | |

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Информација поврзана со Соопштение за јавен увид на урбанистички проект - за предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04, Општина Битола.**

**Прилог допис: Прашање во однос на спроведување на постапки за учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 03.11.2022 година**

______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

До:
Општина Битола
Бул. „1-ви Мај“, бр.61,
Битола
Одделение за урабнистичко планирање и
заштита на животната средина
e-mail: bitola@t-home.mk
arh.krivasija@gmail.com
contact@bitola.gov.mk
cvetankam84@gmail.com

Скопје, 03.11.2022

Предмет: Прашање во однос на спроведување на постапки за учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво

Почитувани.

Со овој допис би сакале да поставиме прашање по однос на Соопштение за јавен увид на урбанистички проект - за предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04, Општина Битола, каде што се наведени информации за периодот во кој е предвиден јавен увид со анкета и даден е датумот на стручна/јавна презентација. Предлог урбанистички проект - за предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 не е објавен на веб страната, со што не е запазен став член 12 (Стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа) од Законот за урбанистичко планирање, став 4 кој вели дека во повикот задолжително се приложуваат планската програма, документациската основа и планската документација од урбанистичкиот план што е предмет на стручната расправа.

Исто така, не е објавена информација за потребата од стратегиска оцена на животната средина.

Согласно Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07), точка 13. Планирање на просторот и користење на земјиштето - плански документи кои се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на територијата на РСМ, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, подлежат на постапка за стратегиска оцена на животната средина.

На веб страната не се пронајдени документи (одлука, формулар и мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање), кои потврдуваат дека нема потреба од спроведување на постапка за стратегиска оцена.

Доколку постојат овие документи истите треба да бидат објавени на Вашата веб страна, а доколку се објавени Ве молиме да ни испратите линк.

Ве молиме за соодветно образложение.

За дополнителни прашања, Ве молам контактирајте не.

Со почит,

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Тони Јовановски
Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Бр.11-130/2
03.11.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-130/1 за пристап до информации од јавен карактер со прилог допис, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 08-11-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-130/3 | | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

*Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште*
*- Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина*

**дата 07.11.2022 година**

До:
Одделение за
административни и општи работи

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ
ВРСКА: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-130/2

Почитувани,

Согласно Вашето барање Ве известуваме следново:

Предлог ДУП (Детален Урбанистички План) за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04, Општина Битола се води согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник 32/20), Јавната презентација и јавната анкета се спроведува на предлог детален урбанистички план (став 1 од член 35). За одржувањето на јавната презентација и јавната анкета се известуваат систе субјекти од членот 32 став (1), во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, се објавува и соопштение во информацискиот систем е-урбанизам, како и во две јавни гласила (став 3 од член 35). Исто така јавната презентација презентација и јавната анкета се спроведува и во електронска и во писмена форма (став 5 од член 35). Електронски се спроведува преку системот преку информацискиот систем за е-урбанизам а во писмена форма се спроведува со излагање на јавно место во просториите на Општината (став 6 од член 35).

Пракса во Општина Битола Јавните презентации и јавните анкети да се објавуваат во дневните весници „Нова Македонија“ и „Слободен печат“ доколку тоа е возможно (како општина ако имаме валидни договори). Електронското спроведување без кое не е возможно да се закажи Јавната анкета и јавната презентација се спроведува во системот за е-урбанизам и се ставени на увид сите потребни документи кои се предвидени да се прикажат (општината нема контрола кои документи ќе се прикажат), тоа е автоматски со соодветно превземање на акцијата – „закажи јавна анкета и јавна презентација“ секако увид имаат сите корисници на системот кои ја имаат избрано Општина Битола како предмет на интерес. А додека писмената форма се спроведува со изложување на планот на огласна табла (Прилог 1) во општината со времетраење од завршување на Јавната презентација (синтезното решение од предлог Планот се изложува во салата на советот) до завршување на јавната

анкета, анкетни листови на шалтерите на општина Битола и исто така синтезното решение и соопштението од предлог планот го објавуваме на web страната на Општина Битола во менито Актуелно - јавна презентација и јавна анкета како за истото би имале увид електронски сите граѓани кои ја посетуваат страната на општината (истото го подразбираме како електронска огласна табла). За предметниот предлог детален истото можете да го најдите на линкот:
https://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2022/11/%D0%A1%D0%BE%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%88%D0%9F-%D0%B8-%D0%88%D0%90-%D0%B7%D0%B0-%D0%94%D0%A3%D0%9F-%D0%B7%D0%B0-%D0%A7%D0%B5%D1%82%D0%B2%D1%80%D1%82-%D0%88%D1%83%D0%B3-1-%D0%91%D0%BB%D0%BE%D0%BA-%D0%88.01.04.pdf

Документацијата за стратегиска оцена е во фаза на изработка истата кога ќе биде изготвена ќе биде прикачена на страната на општината.

Со почит

*Изработил: Славчо Димовски, диа*

*Контрола: Валентина А. Кривашија, диа*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА * II

*РАКОВОДИТЕЛ*

М-р Тони Јовановски, д.г.и


Ј.ПРЕЗЕНТАЦИЈА И
Ј.АНКЕТА
28.10 — 15.11.2022 година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-130/4
08.11.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **03.11.2022 година**, imателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Информација поврзана со ссопштение за јавен увид на урбанистички проект – за предлог ДУП за Четврт Југ блок 1 Блок Ј.01.04 **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-130/1
2. Допис до Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-130/2 од 03.11.2022
3. Одговор од Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-130/3 од 08.11.2022 со прилог документација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 08.11.2022 година, под бр. 11-130/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
IV

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk